ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**сметка на буџет на донации (785)**

01 2018 03 07/2

**Скопје, декември 2018**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 |
| - Сметководствени политики | 9 - 10 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 10-11 |

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:    +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број: 11-13/2

Дата: 03.01.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (во понатамошниот текст АСИПИРМ) на сметката на буџет на донации (785) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2017 година изразивме мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме дале било каков извештај за финасиските извешатаи на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија за сметката на буџет на донации за годините кои и претходат на годината која е предмет на ревизија.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет ја истакнавме потребата од продолжување со започнатите активности за добивање на информација за начинот на постапување со приливот на парични средства по основ на поднесена и целосно прифатена тужба со цел затворање на донаторската сметка.

Не се примени забелешки  на нацрт извештај на овластениот државен ревизор.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 6 до 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет на донации (785) на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, за сметката на буџет на донации 785 за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија застапувано од:

- Висар Фида, директор во период од 26.11.2015 година до 31.05.2017 година;
- Ивана Николиќ, вршител на должност заменик директор во период од 11.04.2016 година до 17.08.2017 година;
- Дарио Николовски, вршител на должност директор во период од 01.09.2017 година до 28.02.2018 година;
- Игор Трајановски, вршител на должност заменик директор во период од 17.08.2017 година до 13.03.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2018 до 27.07.2018 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, одржан на ден 25.09.2018 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-121/5 од 09.11.2018 година.

**4. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, сметка на буџет на донации 785 на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

Во 2007 година Амбасадата на Велика Британија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија склучиле договор број 02-1067/1 од 19.09.2007 и договор број 02-1516/1 од 09.04.2008 за реализација на Проект – "Поддршка за Агенција за странски инвестиции на Република Македонија".

Проектот е финансиран од Амбасадата на Велика Британија со однапред определени средства за располагање за времетраење на проектот од октомври 2007 до март 2010 година. Расположливите средствата биле префрлени на посебна наменска банкарска сметка отворена за потребите на овој проект, која до денот на вршење на ревизија не е затворена.

За реализација на проектот од страна на директорот на Проектот склучени се

повеќе авторски договори, според кои е ангажирано лице за реализација на проектот и истиот располагал со парични средства од сметките отворени за таа цел како и од благајната на АСИПИРМ, но исто така имал и обврска за сите потрошени парични средства да достави соодветна документација заради оправдување на истите.

За времетраењето на проектот и активностите поврзани со реализација на истиот, ангажираното лице подигнал средства од денарската и од девизната благајна. Од подигнатите средствата за реализираните активности поврзани со проектот, ангажираното лице останал неоправадан со соодветна документација (сметки) во вкупен износ од 791 евро во денарска противвредност и 34 илјади денари.

Поради неоправдано потрошени средства, од страна на АСИПИРМ во 2012 година е поднесена тужба против определеното лице, која од страна на Основен суд Скопје 2 е усвоена и со истата се задолжува лицето да и плати на АСИПИРМ износ од 82 илјади денари на име долг со казнена камата во висина на каматната стапка што ја пресметува НБРМ, зголемена за 8 процентни поени сметано од 01.04.2010, се до исплатата, како и да и ги надомести на тужителот трошоците за постапката.

Во 2015 година од страна на извршител е издаден налог И.бр.565/15 за извршување врз побарувањето, а на 17.02.2017 година е извршен поврат на средства во донаторската сметка на АСИПИРМ во износ од 82 илјади денари, како и прилив од 16 илјади денари на име казнена камата.

Ревизијата напоменува дека од страна на АСИПИРМ е доставено известување бр. 03-1382/1 од 26.09.2018 година до Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија со кое ги информира за салдото на сметката (уплатено побарување согласно судска пресуда) и очекува повратен одговор во однос на понатамошно постапување со средствата, а со цел затворање на истата.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | | **2016** |
| **Приходи** | **3.1.** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 16 | | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **16** | | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.2.** | **16** | | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.3.** | **16** | | **0** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 101 | 3 |
| Побарувања од вработените | | 0 | 82 |
| Активни временски разграничувања | | 0 | 62 |
| **Вкупно тековни средства** | | **101** | **147** |
| **Вкупна актива** | | **101** | **147** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 0 | 62 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 101 | 85 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **101** | **147** |
| **Вкупна пасива** | | **101** | **147** |